Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-221/1
11.01.2024 год. - viti
Скопје / Shkup

**Записник од 73 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-221/1
11.01 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 28.11.2023 година | **Време** | 10.30 – 12.00 часот |
| **Бр. на седница** | 73-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>6. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | / | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов и Букурије Јашари Мемети | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 27.10.2023 година;
2. Досегашна стручна помош од членовите на НКБК во подготовка на новиот Закон за електронски комуникации и на новиот Закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација;
3. Разно

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 73-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 72-та седница, одржана на 27.10.2023 година, со прифатените забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, направи преглед/евалуација на досегашната стручна помош од членовите на НКБК во подготовката на новиот Закон за електронски комуникации. Досега се поминати повеќе поглавја, при што како релевантни се земаат предвид предлог регулативата Gigabit Infrastructure Act, која што се уште е во фаза на јавна расправа во телата на ЕУ, како и усогласувањето со Директивата на ЕУ за електронски комуникации (CODE Directive). Буковалов потенцира дека работната група ги има сработено деловите за намалување на трошоците за градба на јавни електронски мрежи, обезбедување на конкуренција, обврски на операторите со значителна моќ на пазарот (SMP -Significant Market Power), универзалната услуга и сл. Првата драфт верзија на законот треба да биде подготвена до крајот на годината, а членовите на експертското тело и натаму ќе бидат вклучени во целиот процес на подготовката на нацрт Законот за електронските комуникации. Паралелно со подготовката на законот, во изминатиот период се работеше и на обезбедување пристап до Единствената точка на информации (ЕТИ) за консултантите што работат на Студијата за изводливост за воспоставување на Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ), при што сега консултантите имаат пристап до ЕТИ и Системот за поддршка на имплементацијата на Националниот Оперативен бродбенд план (НОБП), што се ГИС платформи воспоставени во Агенцијата за електронски комуникации за телекомуникациска инфраструктура.

Буковалов информираше и за завршната фаза околу подготовката на Законот за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација, кој по одржаната втора јавна расправа и усогласувањето со Секретаријатот за законодавство, тој ќе биде поставен на ЕНЕР.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, членот на НКБК, Славица Настеска информира дека на Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР), поставен е нов Закон за градење, за кој е потребно да се процени дали НКБК треба да даде свое мислење/забелешки по однос на содржината на законот, од аспект на своите надлежности.

Членот на експертското тело, Зоран Дервишов, истакна дека доколку законот во себе не содржи поедноставени процедури за градба, тоа може сериозно да влијае врз градењето и распространувањето на 5Г. Тој додаде дека  деловите во врска со градбата на електронските комуникациски мрежи кои не можат да бидат инкорпорирани во Законот за електронските комуникации, би било добро како експертско тело да се препознаат и да се препорачаат да бидат составен дел на Законот за градење.

На крајот од дискусијата по ова прашање, а во контекст на Законот за градење беше заклучено да се одржи тематски состанок со учество на експерти во делот за градење во насока на обезбедување поедноставени процедури за градба на мрежи со многу висок капацитет (VHCN-Very High Capacity Networks) и 5G мрежи, а согласно препораките на ЕУ.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов**